ОПШТИНА КРУШЕВО
НЕДЕЛЕН ИНФОРМАТОР
за активностите на локалната самоуправа

**Понеделник**
***04.05.2020***



## Се засадуваат дрвца во центарот, дел од ул. Тодор Проески и околу споменици во Крушево

По вчерашните активности околу расчистување од трева на градскиот парк и главната улица во град Крушево денес се засадуваат дрвца во центарот на градот и околу споменицитe во овој дел од Крушево.

Ова акција е дел од пролетното уредување на градот од страна на Општина Крушево, а конкретната активност се спроведува во соработка со ЈКП „Комуна“ и ПСШ „Липа“.

„Продолжуваме со уредување на градот, односно најфреквентните точки во Крушево, но и местата околу споменици, градските скали на улицата Тодор Проески и на други места. Тековно работиме на хигиената на градот, во неделата се косеше, а во наредните денови ќе продолжиме со дополнителни активности за разеленување и естетско уредување на градските површини. Се заблагодарувам за соработката од страна на „Комуна“ и „Липа“.“, изјави градоначалникот на општина Крушево.

Линк до објава: http://krusevo.gov.mk/?p=11224

ОПШТИНА КРУШЕВО
БИДИ ДЕЛ ОД РЕШЕНИЕТО!
ПРИЈАВИ ПРОБЛЕМ
Никола Ѓурковиќ 16а
Крушево
www.krusevo.gov.mk
mail: opstinakrusevo@krusevo.gov.mk
tel. ++389 48 477 061

***Среда***
***06.05.2020***



## Партерно уредување на спортската сала

Преку проектот „Кругот на адреналинот – развој на авантуристички туризам во Крушево“ општина Крушево ќе изврши партерно уредување на спортската сала.

Спортската сала целосно се реконструираше во внатрешниот дел, се постави карпа за искачување и набави опрема за сите спортови, а следна фаза е инсталација на систем за греење и ладење.

Овој проект е во рамки на проектот „Локална и регионална конкурентност“, пот-проект „Кругот на адреналинот – развој на авантуристички туризам во Крушево“ финансиран од ЕУ, администриран од Светска банка и имплементиран од Канцеларијата на Вицепремиерот за економнски прашања во Владата на Република Северна Македонија, Канцеларијата на Проектот и општина Крушево.

Во рамки на овој проект се одржаа еден меѓународен куп во параглајдинг и велосипедска трка, се набавија минибус и АТВ возило, општината посети 2 саеми за туризам, изработи видео за промоција на Крушево, а во тек е изработка на интернет страница и веб апликација.

Линк до објава: http://krusevo.gov.mk/?p=11251

ОПШТИНА КРУШЕВО
БИДИ ДЕЛ ОД РЕШЕНИЕТО!
ПРИЈАВИ ПРОБЛЕМ

Никола Ѓурковиќ 16а
Крушево
www.krusevo.gov.mk
mail: opstinakrusevo@krusevo.gov.mk
tel. ++389 48 477 061

***Четврток***
***07.05.2020***



## Продолжува изградбата на канализација во Норово

Продолжуваат активностите во с. Норово за изградба на фекална канализација прва фаза, по краткиот застој на работите како последица на пандемијата со коронавирусот.

„Продолжуваме со работа во с. Норово и овој проект ќе го завршиме за многу брзо. Истовремено, мерките се почитуваат и се преземаат сите неопходни чекори за безбедност при работата на работниците. Покрај овој проект во минатото и сега работиме на многу важни проекти за Норово и ќе продолжиме во иднина“, изјави градоначалникот на општина Крушево Томе Христоски.

Овој проект е имплементиран од страна на Општина Крушево и Министерството за транспорт и врски со средства на Европска инвестициона банка. Проектот чини 10 972 424 денари.

Линк до објава: http://krusevo.gov.mk/?p=11264



## Градоначалникот го честита Денот на полицијата

Со посета на полициската станица во Крушево градоначалникот Томе Христоски го честита денот на полицијата на своите колеги и порача дека полициските служби се сервис на граѓаните.

„ Денеска за денот на полицијата ја посетив Полициската станица и го честитав на моите колеги и раководниот кадар со желби за многу здравје за нив и нивните семејства, успех во работата и успешно справување со сите предизвици и ризици кои не демнат секојдневно. Полицијата е сервис на граѓаните!“, напиша градоначалникот Христоски на социјалните мрежи.



Никола Ѓурковиќ 16а
Крушево
www.krusevo.gov.mk
mail: opstinakrusevo@krusevo.gov.mk
tel. ++389 48 477 061






## Уредување на улица Тодор Проески

Заедно со здруженијата од Платформата за развој на туризмот и НКС „Десет Дена Крушевска Република“ започнуваме иницијатива за разубавување на дел од улицата Тодор Проески, односно по скалите во центарот на Крушево. Сакаме просторот да го оплемениме со цвеќиња, музика од Тоше Проески и поставување на банери со непознати факти за Тоше.

Ајде, сите заедно да ја направиме ова улица „Улицата на Тоше“.
Ајде, сите заедно да го разубавиме овој дел од центарот на градот.

Сите организации, угостителски сектор и граѓани ги повикуваме да се вклучат во оваа акција. Сите заинтересирани обратете се на следните контакти:

Крушевска жена ☎ 075 216 993
Здружение за туризам и угостителство Крушево ☎ 078 259 550
Центар за хумани односи ☎ 076 662 245
Општина Крушево ☎ 477 046

***Порака од градоначалникот на општина Крушево***




Никола Ѓурковиќ 16а
Крушево
www.krusevo.gov.mk
mail: opstinakrusevo@krusevo.gov.mk
tel. ++389 48 477 061




***Петок***
***08.05.2020***



## Проекти за изградба на улици во Саждево и Јакреново

Денес, 08.05.2020г., градоначалникот на општина Крушево Томе Христоски присуствуваше на официјалното примопредавање на проекти за изградба на локални улици во населените места Саждево и Јакреново, кои се финансирани преку проектот за подобрување на општинските услуги на Министерство за финансии, преку МСИП, Проектна единица за подготовка на техничка документација.

Изработените проекти ќе овозможат општината да аплицира на странски и домашни фондови и истите да бидат целосно имплементирани во Саждево и Јакреново.

„Продолжуваме со работа и во градот и во населените места. Овие проекти се од голема важност затоа што со нив сме подготвени за аплицирање и за финансирање на реконструкција и изградба на локални патишта. Населените места добиваат поинаков лик.“, изјави градоначалникот Христоски.

Покрај ова на територија на општина Крушево во тек се неколку проекти:

Изградба на пат до Крушевско Езеро,
Реконструкција на дел од улицата Тодор Проески,
Реконструкција на патот Крушево – с. Пуста Река,
Изградба на фекална канализација прва фаза во с. Норово,
Изградба на резервоар за вода во с. Белушино.

Линк до објава: http://krusevo.gov.mk/?p=11294





## Градоначалникот донира од платата за борба против коронавирусот

Градоначалникот на општина Крушево Томе Христоски разликата во платата до минималната од 14 500 денари ја донира во Фондот за справување со Ковид-19.

Градоначалникот веднаш по одлуката на Уставниот суд со која не се овозможи намалување на платите на функционерите порача дека својот дел од платата ќе го донира за справување со пандемијата.

„ Функцијата носи и морална одговорност.
Патриотски е во вистинско време да си помогнеме кога е најтешко. Во овој кризен период имаме морална обврска да бидеме солидарни и хумани. Затоа, мојата плата во оваа состојба со Ковид-19 вирусот ќе изнесува 14.500 денари. Разликата, без разлика на одлуката на Уставниот суд, ја донирам за помош во фондот за борба против невидливиот непријател.
Да останеме посветени до крај во борбата против коронавирусот. Мерките се уште се на сила. Почитувајте ги!“, напиша градоначалникот на општина Крушево Томе Христоски својот профил на социјалната мрежа „Фејсбук“.

Линк до објава: [http://krusevo.gov.mk/?p=11299](http://krusevo.gov.mk/?p=11299)